Јавно претпријатие за комунални
дејности КОМУНАЛЕЦ
Бр. 01-387/1
03.03.2020 год
Гевгелија

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Во акта Арх.знак 0102
Рок на чување трајно год
Потпис.
Гевгелија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈПКД "КОМУНАЛЕЦ" ГЕВГЕЛИЈА

# ЗА 2019 ГОДИНА



Преку овој извештај е прикажано работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 година.Истиот ги содржи основните податоци за работењето преку остварениот физички обем на производство и услуги и финансиските показатели.

## ОСНОВНА ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Средствата за вршење на комуналните дејности, ЈПКД "Комуналец" Гевгелија ги остварува од цената на комуналните услуги, буџетот на Општина Гевгелија и други средства утврдени со закон. Согласно Статутот на претпријатието и Законот за комунални дејности, главни услуги што ЈПКД "Комуналец" Гевгелија ги дава на корисниците се:

- Производство и дистрибуција на вода до потрошувачите со одржување на објектите и опремата од водоснабдителните системи;
- Прифаќање, одведување на комунални отпадни води и одржување на канализациониот систем;
- Прочистување на отпадните води;
- Собирање, изнесување и депонирање на комунален цврст отпад од станбени, деловни и индустриски површини;
- Чистење на јавни прометни површини;
- Управување и одржување на градските гробишта и капела;
- Давање услуги на автобуска станица;
- Давање услуги на градски пазар;
- Уредување и одржување паркови и зелени рекреативни површини.

Претпријатието се организира така што комуналната дејност заради која е основано ја врши на начин со кој се обезбедува:

- Навремено, квалитетно и ефикасно задоволување на потребите на корисниците;
- Транспарентност во работењето;
- Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
- Развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој.

## 1. ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА ДО ПОТРОШУВАЧИТЕ СО ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ И ОПРЕМАТА ОД ВОДОСНАБДИТЕЛНИТЕ СИСТЕМИ

Во текот на 2019 година имавме редовно водоснабдување на сите граѓани, освен во периодите кога поради отстранување на дефекти на водоводната мрежа и вршење на интервенции на водоводните линии имаше повремени прекини на одредени делови од градот и населените места за кои граѓаните беа навремено информирани преку известување на веб страната и фејсбук профилот на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија.

По извршените анализи на водата во месец јануари 2019 година во водоснабдителниот систем за градот Ѓевгелија беше пуштена вода од новите бунари Мрзенци. Покрај градот со вода од овие бунари се снабдуваа и

населените места Мрзенци,Богородица, Стојаково и Селемлија. Со почетокот на летната сезона во употреба од месец мај до месец октомври се користеше и водата од бунари Вардар. Од бунарското подрачје Моин се користеше само бунарот број 1 за снабдување со вода на с.Моин.На трите бунарски подрачја, како и на резервоарите Моин и Мрзенци имаше 24 часовно присуство од вработени лица.

Во 2019 год од бунарското подрачја "Мрзенци" произведено е 2.806.027м³ вода, од бунарско подрачје "Вардар" произведено е 222.306м³, а од моинското бунарско подрачје 614.952м³вода. Вкупно во 2019 год.од овие бунарски подрачја произведено е 3.643.285м³ вода за потребите на корисниците.

Снабдувањето на населените места Негорци, Прдејци, Смоквица и Миравци (со Милетково и Давидово) се врши преку самостојни водоводни системи, комбинирано од извори (каптажи) и бунари со вградени длабински пумпи кои се користат по потреба, во случај на недостаток на вода.

Во 2019 год за овие населени места произведена е вода и тоа:

- Населено место Негорци – произведено - испорачано 262.652м³;
- Населено место Прдејци – произведено – испорачано 78.964м³;
- Населено место Смоквица - произведено 40.995 м³;
- Миравци (со населени места Давидово и Милетково) - произведено 250.453м³.

На целокупната произведена количина на вода редовно се вршеше хлорирање и перманентно се контролираше процентот на хлор во водата. Хлорирањето е со натриум хипохлорид и хлор во гасовита состојба во боци под притисок. Со натриум хипохлоридот, хлорираме во населените места Негорци, Прдејци, Смоквица и Миравци, а со систем на гасовито хлорирање на бунарите "Мрзенци","Вардар" и "Моин".

Контролата на исравноста на водата ја вршеше ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес, подружница Гевгелија и вработениот технолог во ЈПКД "Комуналец" Гевгелија.

Во текот на 2019 година, направени се вкупно 222 анализи на исправноста на водата за пиење од кои 7 (седум) анализи беа големи физичко-хемиски анализи, 8 анализибеа за присуство на арсен и тешки метали а останатите беа микро-биолошки анализи земени од различни мерни места на водоводниот систем во Општина Гевгелија. Во овие анализи спаѓаат редовните физичко-хемиски и микробиолошки анализи како и вонредните анализи кои се однесуваат на контрола на количината на арсенот во водата за пиење. Пробите се земаа од одредени мерни места предвидени со програмата, а во согласност со Законот за земање на проби по еквивалентен број на жители ЕЖ.Во градот вода за анализа се зема од пет мерни места (ОУ "Крсте Мисирков", Градска Болница, железничка станица, детска градинка, Комуналец - управа), аод околните населени места од едно мерно место по случаен избор. Земените примероци одговараат на правилникот за безбедност на водата, а во случаите кога не одговараат (најчесто како недостаток на хлор) се преземаат итни мерки со зголемување на количината на хлор или доколку е потребно со хиперхлорирање да се доведе квалитетот на водата во исправна состојба.

Во 2019 се извршени редовни квартални контроли на агрегатот за производство на струја од 160 kw поставен на бунарско подрачје "Моин", исто

така, извршени се редовни контроли на катодната заштита на челичниот потисен и доводен цевковод.




Во делот на водоводот извршени се следниве интервенции и активности:

- Интервенирано е вкупно на 574 дефекти на водоводни приклучоци;
- Интервенирано е на поправка на дефекти на примарна и секундарна мрежа, вкупно 191 интервенција;
- Интервенции на главни цевководи, вкупно 30;
- Изведени се вкупно 95 нови приклучоци на водоводната мрежа (71 на индивидуални куќи, 19 станови и 5 правни лица);
- Извршени се вкупно 268 други интервенции во делот на водоснабдувањето (интервенции на резервоари, интервенција на мрежа, линиски вентили на препумпни станици, интервенции во делот на хлорирањето, чистење на каптажи итн).
- Поради дефект монтирани се нови пумпи за производство на вода во Прдејци и Негорци;
- Реконструирана е пумпната станица во Негорци, градежен дел и електро-опрема;
- Издадени се вкупно 83 нови согласности за приклучок во водоводната мрежа (108 согласности за приклучок во канализациона мрежа и 211 разни акти како мислења, согласности и сл).
- Изведена нова водоводна линија на "Моински пат" во Гевгелијасо дијаметар од Ф75мм во должина од 281 метри;
- Изведени нови водоводни линии во поранешна касарна во Гевгелија со должина од 277 метрии дијаметар од Ф63мм – Ф110мм;
- Изведена нова водоводна линија на ул. "Кожуф" во Гевгелијасо дијаметар од Ф90мм во должина од 120 метри;
- Изведена нова водоводна линија на ул. "Јане Сандански" Негорцисо дијаметар од Ф75мм во должина од 150 метри;
- Изведена нова водоводна линија на излезот од Негорци кон Прдејцисо дијаметар од Ф75мм во должина од 300 метри;
- Реконструкција на водоводна линија во Богородицасо дијаметар од Ф75мм во должина од 67 метри;
- Реконструкција на водоводна линија на ул. "Гоце Делчев" во Миравцисо дијаметар од Ф63мм во должина од 80 метри;
- Реконструкција на водоводна линија во Негорци, ул. "Гоце Делчев" со дијаметар од Ф75мм во должина од 251 метри;
- Реконструкција–замена на водоводна линија после резервоар Прдејци, во должина од 40 метри со регулација на речно корито;

- Дислокација на водоводна линија Ф63 на ул. "Индустриска" (од канал Раул пеперана) во должина од 100 метри;
- Поставени се чешми во паркот на "Смрдлива вода";
- Поправени се 54 пријавени водомери кои не работат;
- Заменети се 202 водомери со нови.



Во 2019 година за потребите на одделението за водовод ЈПКД "Комуналец" Гевгелија од сопствени средства набави едно половно возило, поставени се клима уреди на новите бунари во Мрзенци и комплетно се оградени бунарите и новиот резервоар на Мрзенски рид.






## 2. ПРИФАЌАЊЕ, ОДВЕДУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИ ОТПАДНИ ВОДИ И ОДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНИОТ СИСТЕМ

Обврските и работните задачи кои Секторот водовод и канализација ги врши за нормално функционирање на канализациониот систем се однесуваат на следните работи:

- Отпушување на канализационите линии;
- Перење на канализационите линии;
- Црпање на канализационен талог;
- Отпушување на фекални приклучоци;
- Отпушување на атмосферски сливници;
- Поправка на канализациона мрежа;
- Поправка на сливници;
- Поправка на канализациони шахти;
- Чистење на комплет сливници и таложници;
- Нови канализациони приклучувања на корисници;
- Изработка на приклучни шахти, нови таложници и сливници;
- Изработка на нови канализациони линии.

Во склоп на своите планирани активности, како и од укажаната потреба од реализирање на одредена активност, градежната група и групата за одржување на канализационата мрежа работејќи како една целина во текот на 2019 година ги реализираше следниве активности:

- Направени се вкупно 314интервенции на уличната канализациона мрежа и кај физички лица заради пробивање и прочистување на истата во деловите каде што се појавуваше проблем во нејзиното функционирање. При интервенциите употребени се канализациони сајли и цистерна за вода (во 196 интервенции);

- Во текот на 2019 година, направени се вкупно 33 интервенции заради отпушување и ставање во функција на пречистителните станици за отпадни води во Миравци и Богородица, како и на препумпните станици во Прдејци и Мрзенци;
- Изведени се нови приклучувања на канализационата мрежа на индивидуални стамбени и деловни објекти - вкупно 129, а се издадени вкупно 108 решенија за нови приклучоци;
- Во текот на целата 2019 година континуирано се вршеше проверка и чистење на улични сливници и извршено е редовно прочистување на уличните сливници за прифаќање на атмосферските води;
- Извршени се поправки - санација и подигање на пропаднати и оштетени ревизиони шахти, вкупно 16броја. Исто така заменети се оштетените и дотраените лиено - железни капаци и рамови, вкупно26 броја;
- Набавени и монтирани фекални пумпи за с.Прдејци и с.Богородица;
- Набавени и монтирани се фекални пумпи за с.Миравци;
- Изведена е нова канализациона линија со дијаметар Ф250мм, во должина од 270 метри на ул. "Христо Узунов" во Гевгелија;
- Изведена е нова канализациона линија со дијаметар Ф200мм, во должина од 418 метри на "Моински пат" во Гевгелија;
- Изведена е нова канализациона линија со дијаметар Ф200мм, во должина од 216 метри над поранешна касарна за приклучок на индустриски капацитети;
- Изведена е нова канализациона линија со дијаметар Ф200мм и Ф160мм, во вкупна должина од 389 метри во нова населба Касарна во Гевгелија;
- Изведена е нова канализациона линија со дијаметар Ф200мм, во должина од 100 метри на ул. "7-ми Ноември" во Гевгелија(позади Интер-Комерц);
- Изведена е нова канализациона линија со дијаметар Ф200мм, во должина од 108 метри на ул. "Ристо Јанев" во Гевгелија;
- Изведена е нова канализација - проширување на канализација во Давидово со дијаметар Ф160мм, во должина од 100 метри;
- Изведена е нова канализација - проширување на канализација во Мрзенци со дијаметар Ф160мм и Ф200, во вкупна должина од 832 метри;
- Изведена е нова канализација - проширување на канализација во Негорци со дијаметар Ф200 ммво должина од 540метри.




Градежната група во текот на 2019 година ги изведе следниве работи:

- Изработени се двојни бетонски оквири на гробишта во Гевгелија, вкупно 72 броја во најновиот дел на градските гробишта;
- На новиот дел од гробиштата во Гевгелија бетонирани се вкупно 120м² патеки помеѓу гробните места со цел на дооформување на новиот дел и ставање на истиот во функција;
- Извршено е бетонирање - поставување на бекатон на прокопани делови од улици и тротоари, кои настанале по отстранување на дефекти на водоводни и канализациони линии во вкупен обем од 66м².




## *3. ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ*

Во 2019 година пречистителната станица во Гевгелија во текот на целата година функционираше без прекин и без некои посебни проблеми.Во текот на 2019 година прочистена е вкупна количина од 1.286.000м³ отпадна - канализациска вода.Третираната отпадна вода ги задоволуваше сите законски дефинирани параметри и критериуми.Од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес, подружница Гевгелија направена е една анализа на отпадната вода (прочистена) која во целост одговараше на законските прописи.

Пречистетелните станици во Миравци и Богородица кои се поразлични од станицата во Гевгелија, исто така функционираа без некои посебни потешкотии.На пречистителната станица во Богородицатретираната отпадна вода која се тестира ги задоволуваше минимум дозволените параметри.Одржувањето е тековно.Во 2019 година имаше една поголема интервенција во замена на елктро делови и сервисирање на пумпите.Пречистителната станица во Миравци е најстара и кај нејзе имавме повеќе интервенции во текот на 2019 година.Интервенциите се состоеја од замена на дотраените пумпи и сервисирање на електро опремата.







## 4. СОБИРАЊЕ, ИЗНЕСУВАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ЦВРСТ ОТПАД ОД СТАНБЕНИ, ДЕЛОВНИ И ИНДУСТРИСКИ ПОВРШИНИ

ЈПКД "Комуналец", преку секторот за комунална хигиена е задолжено за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот и индустрискиот цврст неопасен отпад што се продуцира во општина Гевгелија.

Активностите и работните задачи во секојдневното работење на секторот Комунална хигиена беа следниве:

- Собирање и изнесување на смет од индивидуалните станбени објекти и подигање и празнење на контејнерите од колективните станбени комплекси;
- Собирање и изнесување на смет од индустриските капацитети, деловни објекти и хотели;
- Собирање и изнесување на смет од приградските населени места, како и викенд населбите;
- Одржување на градската депонија за смет во Гевгелија и расчистување на депониите во населените места Негорци и Богородица.

Извршувајќи ги секојдневните активности околу собирањето на смет од сите горенаведени објекти и населени места во работните денови собрани се вкупно 41.892 $м^3$ смет.

Собирањето на комуналниот отпад се врши со специјални наменски возила со надградба.За обавување на секојдневните активности се користат 7 возила.Кон крајот на годината како донација од Општина Гевгелија, ЈПКД "Комуналец" доби ново возило за собирање на комунален отпад.Новото возило ќе го замени најстарото.

При собирање на кабаст отпад се користи трактор, а по потреба се поставуваат и големи контејнери од 5м³ за кои се користи посебно возило,наменетоза подигање на таквите контејнери.






Во текот на 2019 година, сите граѓани кои имаа потреба од подигање на различен отпад (гранки, стар мебел и.т.н) беа услужени од вработените во ЈПКД "Комуналец" Гевгелија бесплатно, со цел да го спречиме неконтролираното фрлање на отпад, а со тоа да ја зачуваме нашата животната средина чиста.

***Динамика на собирање на смет***

Во градот собирањето на сметот се подига реонски еднаш неделно,додека во централното градско подрачје, граничниот премин Богородица и хотелите сметот се подига секој ден.

Во текот на 2019 година во населеното место Миравци, дополнително се поставени 6 контејнери од 1,1м³ и има вкупно 50контејнери од 1,1м³. Сметот се собира два пати неделно (вторник и среда), а по потребасе собира идополнително( во петок).

Во населеното место Давидово се носени дополнителни 6 контејнери и има вкупно 14 контејнери од 1,1м$^3$, а сметот се подигаше еднаш неделно (вторник).

Во населеното место Милетково се носени дополнителни 2 контејнери и има вкупно 4 контејнери од 1,1м$^3$.Сметот се подига еднаш неделно (среда).

Во населеното место Негорци се носени дополнителни 4 контејнери од 1,1м$^3$ и сега вкупно има 49 контејнери од 1,1м$^3$, а сметот се изнесуваше два пати неделно (понеделник и петок).

Во населеното место Прдејци во текот на 2019 година се поставени дополнително уште 4 контејнери од 1,1м$^3$ и има вкупно 20 контејнери, а сметот се изнесуваше два пати неделно (понеделник и петок).

Во населеното место Смоквица во текот на 2019 година е носен дополнително1 контејнер од 1,1м$^3$ и има вкупно 10 контејнери, а сметот се собираше и изнесуваше 2 пати неделно (понеделник и петок).

Во населеното место Богородица се носени дополнителни 5 контејнери и има вкупно 31 контејнери од 1,1м$^3$.Сметот се подига двапати неделно (вторник и петок).

Во населеното место Мрзенци поставени се дополнителни 5 контејнери од 1,1 м$^3$ и има вкупно 20 контејнери . Сметот се подига двапати неделно (вторник и петок).

Во населеното место Моинпоставени се дополнителни 5 контејнери и има 8 контејнери од 1,1м$^3$ и 1 контејнер од 5 м$^3$. Сметот се изнесуваше еднаш неделно (среда).

Во населено место Ново Конско има два големи контејнери од 5 м$^3$ и сметот се подига еднаш неделно(среда).

Во населено место Старо Конско има два контејнери од 1.1м$^3$. Сметот се подига еднаш неделно (среда).

Во викенд населбата Смрдлива Вода поставени се дополнителни 3 и има вкупно 7 контејнери од 1.1м$^3$. Сметот се собираше еднаш неделно (среда), а во зимскиот период два пати месечно.

Во 2019 година ЈПКД Комуналец Гевгелија од сопствени средства набави 65 контејнери од 1.1м$^3$, од кои 25 метални и 45 пластични, како и 85 улични корпи за отпад.

Кон крајот на 2019 година набавени се 550 пластични канти од 120 литри и започнато е да се даваат бесплатно на домаќинствата каде собирањето на сметот е рачно, т.е нема можност за поставување на контејнери од 1.1м$^3$. Со распределбата на канти опфатени се неколку потесни улици во Гевгелија, и распределбата е неселективна, односно се даваат на сите домаќинства кои живеат на тие улици.






***Механичка работилница***

Механичката работилница служи за одржување – поправање на возниот парк и други машини и алати.Во 2019 година во механичката работилница имаше зголем обем на работа поради настанати неколку поголеми дефекти на возилата, зголемен возен парк и поради зголемените контроли при регистрацијата на возилата за што се вложија дополнителни трошоци и работен ангажман.Во работилницата секојдневно се извршуваа поправки на возила – камиони за собирање на смет, трактори, скипови, како и други лимаро – браварски активности.Интервенциите и поправките беа од различен карактер како на моторните делови, така и на хидрауличните системи и системите за кочење. Во механичката работилница се врши поправка на алати и машини од сите работни единици во претпријатието како што се: “паркови и зеленило”, “водовод и канализација” и други. Исто така во механичката работилница се изработува и поправа дел од урбанатаопрема  за потребите на градот и околните населени места. Во сите населени места поставени се по неколку лулашки, клацкалици, лизгалки и сл.





Вработените во механичката работилница по налог на општинскиот сообраќаен инспектор вршат поставување на вертикална сигнализација на улиците во градот. Исто така, вработените во механичката работилница вршат пополнување со асфалт на помали и поголеми вдлабнатини што се создаваат на улиците во градот и населените места.

Набавена е опрема за зимско чистење на улици од снег. Во договор со Општината набавена е опремата која се состои од влечна соларка и три даски за чистење на снег, две за трактор и една за скип. Со набавката на опремата Општина Гевгелија нема да има потреба од ангажирање на надворешна фирма за чистење на снег.

## *5. ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИ ПРОМЕТНИ ПОВРШИНИ ВО ГРАДОТ И ОКОЛНИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА*

Во активностите за одржување на Јавно прометни површини претпријатието ги извршуваше следните работи:

- Чистење и метење на улиците од смет и отпадоци;
- Чистење (метење) и одржување на улиците од коров, земја, песок и др;
- Дежурство, односно викенд чистење на централното градско подрачје;
- Миење и полевање на улиците во летниот период.

Улици и јавни прометни површини кои се опфатени со одредена динамика на чистење и одржување (6 дена во седмицата) се:

- Ул. "Маршал Тито" со површина од 22.900м²;
- Ул. "ГП Одреди" со површина од 5.100м²;
- Ул. "7-ми Ноември" со опвршина од 12.300м²;
- Ул. "С.М. Данко" со површина од 10.080м²;
- Ул. "Р. Ковачевиќ" со површина од 4.290м²;
- Ул. "Ј. Јосифовски" со површина од 5.090м²;
- Ул. "Р. Фаршинин" со површина од 2.300м²;
- Ул. "Мирче Ацев" со површина од 2.300м²;

- Ул. "Таља Бикова" со површина од 2.880м²;
- Ул. "Булевар Гевгелија" (од раскрсница со ул. "Деко Ковачев" до почеток на натпатник на железничка линија) со површина од 20.930 м²;
- Градскиот Плоштад со спомен Костурница се одржува и мети, 7 дена во неделата.

Во населените места Богородица, Негорци и Миравци редовно се одржуваше хигиената (метење и чистење) на јавно прометните површини.Неколку пати во текот на годината се метеа и чистеа јавно прометните површини и во другите населени места и викенд - населбите.Редовно се одржуваше чистотата на пешачките патеки како до мотелот на реката Вардар, така и пешачката петека до НегорскиБањи.

За време на верски и државни празници, како и при разни собири и манифестации, секогаш се вршеше вонредно чистење, метење и средување на просторот. Неколку пати во текот на 2019 година, при организирање на собири од јавен карактер, музички концерти, локални саеми и други манифестации, се изврши монтирање на бина за сценски настап и се поставуваа штандови.Во летниот период, повеќе пати, со цистерна се полеваа и разладуваа улиците во градот.





## *6. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА И КАПЕЛА*

Одржувањето на градските гробишта, капелата и обавувањето на погребната дејност се одвиваше редовно спрема потребите на граѓаните од тие услуги.

Активностите кои се одвиваа во текот на целата година беа:

- Собирање и отстранување на сметот и сувото цвеќе од гробиштата и околу нив;
- Редовно се косеа, чистеа и средуваа патеките околу гробните места;
- Редовно се кастреа дрвјата и грмушестите растенија;
- Редовно се подигаа и празнеа контејнерите за смет;
- Се изработуваа бетонски рамки за нови гробни места;
- Редовно се одржуваше чистотата и хигиената во капелата и нејзините простории.

Во 2019 година во градската капела беа примени 185 починати лица, а погребанибеа 184. Во стари односно постоечки гробни места, погребани беа 126 починати лица, а нови гробни места беа доделени 58.Издадени се вкупно 237 одобренија за погреб.

Активностите во капелата се одвиваат редовно, со 24 часовно дежурство во текот на 365 дена од годината. Починатите лица се примаат, чуваат и изложуваат согласно договор со нивните блиски.Во капелата се даваат услуги за потреби на луѓе и од околните населени места (чување и одржување на починато лице во разладна комора).

Издавањето договори за гробни места во 2019 се одвиваше тековно, граѓаните се известуваат редовно и процесот на издавање ќе продолжи и во наредниот период.

## 7. ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ НА АВТОБУСКА СТАНИЦА И ГРАДСКИ ПАЗАР

### *Автобуска станица Гевгелија*

Во период 01.01.2019 до 31.12.2019 година, автобуската станица работеше секојдневно од 05 до 21 часот. Вкупно беа продадени 22.607 билети во еден правец и повратни билети, најголем број за релацијата Гевгелија - Скопје, Гевгелија - Струмица и Гевгелија - Битола.

Остварен е вкупен промет во износ од 9.059.995,00 денари од продажба на билети, наплата на станична услуга и заверка на билети.

За користење на перон и провизија од продажба на билети, од фактурирано кон фирмите превозници, вкупно е остварен приход кој изнесува 1.867.442,00 денари.

Во тековната 2019 година инсталиран е нов апликативен софтвер за продажба на билети.

### *Градски пазар Гевгелија*

Градскиот пазар од месец август 2017 година се наоѓа на новата локација.Функционирањето е отежнато поради несоодветните услови кои постојат на пазарот.Недостатоците се посебно изразени во денови кога има ветер или врнежи од дожд.Одржувањето на пазарот се одвиваше редовно со чистење, метење, миење и празнење на контејнерите со смет пред пазарен ден и по пазарниот ден.Пазарична такса се собира само во четврток. Редовно се чисти и одржува и просторот околу самиот пазар.

## *8. СЕКТОР ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО*

### *Уредување и одржување паркови и зелени површини*

Активностите кои го опфаќаат одржувањето и средувањето на зелените и цветни површини во Општина Гевгелија, се состојат од:

- Косење и кастрење на трева и жбунести растенија;
- Садење на цвеќе, дрва и разни други растенија;
- Полевање, окопување и третирање со заштитни средства на растенијата;
- Прехрана со природни и хемиски средства;
- Чистење и отсранување на смет и друг отпад од зелените површини;
- Поправање, монтирање и одржување на урбана опрема.

За полесно, побрзо и поефикасно обавување на работите, за потребите на Секторот паркови и зеленило во текот на 2019 година се набави:

- нов трактор со приклучна мезанизација-комунален мулчер;
- мотокултиватор со приклучна механизација;
- три косачки на моторен погон со тркала;
- четири нови моторни косачки-тримери.

Во 2019 година, парковите и воопшто зелените површини во градот Гевгелија и околните населени места се косеа и одржуваа редовно во зависност од сезонските потреби.Површината на парковите изнесува 35180 м².Претпријатието ги одржува и зелените површини околу колективните станбени објекти со површина од околу 43680м². Редовно се одржуваа и зелените површини на влезот на градот со надвозникот, пешачката и рекреативна патека кон рекатата Вардар и околината, тротоарот односно рекреативната патека до Негорски бањи, и др. Се косеа и одржуваа банкините на патните правци кон населените места Гевгелија – Богородица, Богородица – Стојаково, Гевгелија – Моин – Ново Конско, Гевгелија – Негорци, Негорци – Прдејци, Негорци – Серменин, Негорци – Кованец, Миравци - Давидово, Миравци - Милетково и други.

Посебно се средуваа зелените површини во сите населени места, за време на верски и државни празници, а неколку пати во сезоната се косеа и гробиштата во овие населени места.Во викенд населбите Конско, Смрдлива вода и Ума, редовно се врши кастрење на дрва и грмушести растенија, косење

на трева, кастрење на растенија и плевели што растат покрај патот што води до истите.

Редовно се одржува граничниот премин Богородица со косење на зелените површин, кастрење на дрва и други растенија, метење и чистење на санитарните јазли и др.

Во стопанскиот двор на претпријатието, во пластеникот, се произведува расад за сезонско цвеќе, чиј број (во зависност од сезоната) се движи од 15.000 до 20.000 садници.Исто така во пластеникот се произведува и расад за други грмушести растенија, како од семе така и од резанки.




Вработените во секторот Паркови и зеленило, вршеа поправка, монтажа и одржување на целата урбана опрема во градот и околните населени места.Тоа подразбира поправка и монтажа на клупи за седење, фонтани, улични канти за смет, детски лулашки, спортски игралишта и друго.Вработените во секторот вршеа санирање, односно пополнување на оштетени делови од асфалтните улици и тротоари со асфалт или цемент.






## *9. СЕКТОР ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ*

Во 2019 година донесени се нов Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работни места во ЈПКД "Комуналец" Гевгелија, со што Секторите за општи, правни работи и човечки ресурси, Секторот за комерција и односи со корисници како и Секторот за финансии се споија во еден сектор, Сектор заеднички работи. Поранешните, погоре спомнати сектори продолжија да функционираат како одделенија.

Во текот на 2019 година ЈПКД "Комуналец" вложуваше и во подобрување на условите на вработените. Се набавија нови компјутери и монитори за вработените, нови мултифункционални печарачи, копири и скенери во секоја канцеларија и комплетно се промени кровот на административната зграда кој што беше во многу лоша состојба. Вработените од администрација присуствуваат на потребните обуки најмногу организирани од Здружението на комунални претпријатија-АДКОМ, каде ЈПКД "Комуналец" Гевгелија е активен член.

***Комерција***

Одделението за комерција во 2019 година ги извршуваше своите предвидени и планирани активности и задачи. Нашата основна задача е изготвување на сметки (за физички лица) и фактури (за правни лица). Дополнителни услуги се фактурираат посебно за секое физичко и правно лице. Овде спаѓа и услугата за годишна гробарина која се фактурира на физичките лица за тековната година во месец мај. Исто така, услугите за погребна дејност се фактурираа редовно кон операторите и кон корисниците, согласно одлуката на Советот.

Набавките на стоки и услуги во делот на комерцијата се вршат согласно потребите на работењето, по издадено требување и одобрено од одговорните лица, според годишниот план за јавни набавки и законските прописи.

1. Физички лица

Во текот на 2019 година се изготвени и доставени сметки кон корисници физички лица вкупно 108165 месечни сметки и 2301 сметка за гробарина за 2019 година. Изготвувањето на сметки е спроведено со контрола на состојбите

на водомерите на потрошена вода, а на поставените далечински водомери автоматски се внесува отчитаната состојба, контрола на површината по $м^2$ за која се пресметува ѓубретарина, дворно место и контејнер. Продолжува отпочнатото фактурирање во околните села каде редовно се изнесува сметот и ажурирање на другите податоци кои се обработуваат - нови корисници, продадени објекти, наследени објекти, починати лица и сл. Дополнително се изготвени 631фактура кон физички лица за извршени комунални услуги.

Со доставување на сметките, доставувани се и опомени до оние корисници кои ги немаат платено сметките.Во 2019 година се дистрибуирани околу 9.800 опомени за неплатен долг.

Извршени се контроли по пријава за поправка на водомери по барање на корисниците, од причини на неисправност или дефект. Водомерите кои беа поправени и беа монтирани се ставени во евиденција.

Други извршени активности се: евидентирање на нови приклучоци, пријавување дефекти на вентили и линии, контрола и други активности по барање на странки поврзани со работењето на овој сектор.

Одговор и внесување на податоци на секое писмено барање од корисниците, обработка на податоци за социјалните случаи кои ги субвенционира Општина Гевгелија и други промени на податоци по документи.

Табеларен преглед на вкупна наплата споредено 2019 год.со 2018 год.
Вкупно Фактурирано/Наплатено во 2019 год.

| Година | Фактурирано | Наплатено | Реони |
|---|---|---|---|
| 12/18-11/19 | 65.566.075,00 | 64.427.141,00 | 1 до 9 |

Вкупно Фактурирано/Наплатено во 2018 год.

| Година | Фактурирано | Наплатено | Реони |
|---|---|---|---|
| 12/17-11/18 | 63.254.144,00 | 61.479.803,00 | 1 до 9 |

Вкупно наплатено по поднесени предлози до нотар во 2019 година:

| Година | Поднесени предлози | Наплатено по предлози |
|---|---|---|
| 2019 | 6.366.872,00 | 2.083.896,00 |

Вкупно наплатено по поднесени предлози до нотар во 2018 година:

| Година | Поднесени предлози | Наплатено по предлози |
|---|---|---|
| 2018 | 6.581.130,00 | 3.265.933,00 |

2.Правни лица

Одделението за комерција кон правни лица има извршено месечно фактурирање по околу 835 - 845 редовни фактури месечно или за тековниот период 2019 вкупно 10.215 фактури кон фирми и 748 фактури кон државни институции. Дополнителни 933фактури се изготвени за разни извршени услуги, или вкупно се изготвени 11.896 фактури.

Во текот на целата година беа изготвени и се доставени 800 опомени, финансиски картици, телефонски контакти и директни контакти со странките за наплата на фактури. Исклучување од водоводната мрежа немаше.

Водомерите кои се неисправни, посебно кај корисници кои трошат поголеми колични, редовно се контролираат и се настојува да се изврши поправка во што пократок рок.

Табеларен преглед на вкупна наплата споредено 2019 год.со 2018 год.
Вкупно фактурирано / наплатено во 2019 година:

| Година | Корисници | Фактурирано | Наплатено |
|---|---|---|---|
| 2019 | Фирми | 32.641.280,00 | 30.475.138,00 |
| 2019 | Институции | 21.573.441,00 | 23.244.035,00 |

Вкупно фактурирано / наплатено во 2018 година:

| Година | Корисници | Фактурирано | Наплатено |
|---|---|---|---|
| 2018 | Фирми | 29.588.693,00 | 29.066.853,00 |
| 2018 | Институции | 21.964.740,00 | 14.928.131,00 |

Вкупно наплатено по поднесени предлози до нотар во 2019 година:

| Година | Поднесени предлози | Наплатено по предлози во 2018 година |
|---|---|---|
| 2019 | 1.646.447,00 | 1.630.772,00 |

Вкупно наплатено по поднесени предлози до нотар во 2018 година:

| Година | Поднесени предлози | Наплатено по предлози во 2018 година |
|---|---|---|
| 2018 | 894.459,00 | 495.856,00 |

**Финансиски *извештај за 2019 година***

Од изготвената годишна сметка за 2019 година на ЈПКД"Комуналец" може да се согледа следново:

| | |
|---|---|
| Остварен вкупен приход | 122.829.955,00 |
| Направени трошоци | 121.040.259,00 |
| Остварена бруто добивка | 1.789.696,00 |
| Данок на добивка | 963.819,00 |
| Нето добивка | 825.877,00 |

Споредени овие податоци со програмата за 2019 година (која беше усвоена од Управен одбор) се следните:

| | |
|---|---|
| Планиран вкупен приход | 120.550.000,00 |
| Планирани трошоци | 118.750.000,00 |
| Планирана добивка | 1.800.000,00 |

Во вкупниот приход најголеми приходи се остварени од:

| | |
|---|---|
| Приходи од вода | 39.777.841,00 |
| Приходи од чистота | 25.387.764,00 |

Исплатени се дванаесет бруто плати на вработените.

Обврски према добавувачите исплатени се во износ од 59.045.909,00 денари и останува за исплата уште 6.474.924,00 денари. Од овие 6.474.924,00 доспеаните обврски до 31.12.2019 изнесуваат 488.789,00 денари.

По основ на кредити и позајмици имаме задолжување по основ на одобрениот кредит на КФВ банка во износ од29.810.823,00 денари, платено 727.093,00 и остаток 29.083.730,00.

Пресметан данок на додадена вредност во износ од 6.760.644,00 денари пребиен со влезниот данок за 6.249.655,00, разликата во износ од 510.989,00 денари, платено до 31.12.2019 е 647.466,00 и претплата во износ од 136.477,00.

Пресметан и уплатен персонален данок на основа извршени услуги по договор, надоместок на Управен одбор и Надзорен одбор имаме 45.802,00 денари.

Во центарот на градот отворен е нов наплатен пункт, со цел ЈПКД “Комуналец” да им биде полесно достапен на граѓаните за тие да можат да ги подмируваат своите долгови без провизија.

## Планирани годишни приходи од активности од Програмата за 2019 година и реализирани приходи во 2019 година

| КОНТО | ОПИС | ПЛАНИРАНО ЗА 2019 год | РЕЛИЗИРАНО ЗА 2019 год |
|---|---|---|---|
| 740 | **Приходи од редовна дејност** | | |
| | - Приходи од вода | 39.000.000 | 39.777.841 |
| | - Приходи од канализација | 8.000.000 | 8.034.478 |
| | - Приходи од прочистување на отпадни води | 13.000.000 | 13.244.626 |
| | - Приходи од чистота | 24.000.000 | 25.546.064 |
| | - Приходи од гробарина, капела и др. | 4.000.000 | 4.245.201 |
| | - Приходи од пазар | 1.100.000 | 858.851 |
| | - Приходи од водоводни услуги | 2.000.000 | 1.829.438 |
| | - Приходи од баждарење | 2.000.000 | 2.118.118 |
| | - Приходи од градежна група и канализација | 1.500.000 | 1.567.666 |
| | - Приходи од одржување, ЈПП, паркови и депонии, поправка и одржување урбана опрема | 9.350.000 | 10.554.142 |
| | - Приходи од автобуска станица | 2.000.000 | 1.867.442 |
| | - Останати приходи | 200.000 | 181.070 |
| | **Вкупно** | **106.150.000** | **109.824.937** |
| 760 | **Други приходи** | | |
| | - Останати приходи од работење – амортизација | 11.000.000 | 10.392.430 |
| | - Приходи од нотарски, адвокатски и судски трошоци | 3.000.000 | 1.712.482 |
| | - Приходи од наплатени отпишанипобарувања | / | 606.774 |
| | **Вкупно** | **14.000.000** | **12.711.686** |
| 770 | **Финансиски приходи** | | |
| | - Приходи од камати | 300.000 | 216.864 |
| | - Приходи од премии, субвенции, донации и други финансиски приходи | 100.000 | 76.468 |
| | **Вкупно** | **400.000** | **293.332** |
| | ВКУПНО | 120.550.000 | 122.829.955 |

## Планирани трошоци за реализација на активности од Програмата за 2019 година и реализирани трошоци во 2019 година

| КОНТО | ОПИС | ПЛАНИРАНО ЗА 2019 год | ОСТВАРЕНО ВО 2019 год |
|---|---|---|---|
| **400** | Потрошени суровини и материјали | 5.500.000 | 5.738.130 |
| **401** | Потрошен канцелариски материјал | 450.000 | 398.099 |
| **405** | Потрошени резервни делови | 700.000 | 1.037.044 |
| **408** | Трошоци за ситен инвентар и отпис на гуми | 500.000 | 745.868 |
| **403** | Трошоци за енергија:<br>планирани - реализирани<br><br>- Електрична енергија 10.500.000 - 14.511.926<br>- Гориво за мот. возила 3.500.000 - 3.349.898<br>- Др. трошоци за енергија 400.000 - 250.768 | **14.400.000** | **18.112.592** |
| **410<br>411<br>412<br>413<br>415<br>419** | Производни, транспортни, ПТТ, интернет и други услуги за одржување | 4.000.000 | 3.749.243 |
| **421** | Плата и надоместоци на плата | 60.000.000 | 56.843.939 |
| **422<br>440<br>441<br>442** | Останати трошоци за вработени, дневници за службено патување и надомест за членови на Управен одбор и Надзорен одбор | 4.000.000 | 3.894.215 |
| **430** | Трошоци за амортизација | 14.000.000 | 14.095.730 |
| **443<br>444** | Трошоци за промоција, пропаганда, реклама, репрезентација и спонзорство | 200.000 | 419.400 |
| **445** | Трошоци за осигурување | 500.000 | 24.379 |
| **455** | Вредносно усогласување на побарување | 7.500.000 | 9.443.567 |
| **446<br>447<br>449<br>468** | Банкарски услуги, даноци кои не зависат од резултатот, трошоци за финансиска ревизија, останати трошоци | 4.800.000 | 4.763.008 |
| **469** | Останати расходи од работење (расходи по основ одобрение за погреб) | 1.500.000 | 1.171.312 |
| **474<br>475<br>479** | Расходи без основ на камати од работење, негативни курсни разлики и останати финансиски расходи | 700.000 | 603.733 |
| | **ВКУПНО** | **118.750.000** | **121.040.259** |

***Одделение за општи и правни работи***

Во септември 2019 година донесени се нов Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работни места во ЈПКД "Комуналец" Гевгелија, со што Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси премина во Сектор заеднички работи како Оддление за општи и правни работи. Во 2019 година се извршуваа сите работни задачи и активности кои произлегуваа од тековното работење и кои се однесуваат на следење и спроведување на закони и законски прописи од областа на извршување на дејностите на претпријатието.

Согласно Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, како законска обврска е изготвен и донесен Годишен план за вработување за 2020 година, со соодветна измена и дополнување.

Подготвувани се седници на органите на управување со изготвување покани и материјали за седници и од нив произлезените записници, одлуки и заклучоци. Во 2019 година Управниот одбор на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија одржа вкупно тринаесет седници, а Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење одржа вкупно пет седници. Во прилог на овој Извештај се Годишен извештај за работата на Управниот одбор и Годишен извештај за работата на Надзорниот одбор за 2019 година.

Изготвувани се потребните Решенија за вработените кои произлегуваат од правата и обврските на работниот однос и спроведувани пријави и одјави во задолжително социјално осигурување.Од октомври 2019 година овие активности се одвиваат во рамки на Одделение за план и анализа - Оддел за управување со човечки ресурси. Во 2019 година има 12 пријави на вработени од кои 8 на неопределено време по објавен оглас за вработување, а 4 на определено време до 30 дена и 12 одјави на вработени, од кои 8 по основ на пензионирање, 2 починати, 1 спогодбен престанок на работен однос и 1 неплатено отсуство до три месеци.

Во 2019 година поднесени се вкупно 1939 предлози за издавање нотарски платен налог до надлежен нотар, од кои 1848 за физички лица и 91 за правни лица, што се за 97 предлога помалку од минатата година, се смета како резултат на зголемување на свесноста кај корисниците за редовно плаќање на сметките за комунални услуги. Во предлозите се опфаќаат три до шест неплатени месечни сметки за потрошена вода и ѓубретарина, како и фактури издадени за извршени други услуги од претпријатието, така што за еден корисник може да има повеќе од една тужба.

Исто така поднесени се и барања за извршување вкупно 287, од кои 221 по Решенија од 2016 година и 66 по Налози за извршување од 2010 година.

Против ЈПКД "Комуналец" Гевгелија поднесени се четири тужби од физички лица:
- за надомест на штета (судско порамнување);
- за приклучок на вода (отфрлена поради судска ненадлежност);
- работен спор (одбиено тужбено барање, во тек е жалбена постапка) и

- за есхумација на починато лице и погребување во друго гробно место (отфрлена поради судска ненадлежност).

Согласно Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер давани се информации од јавен карактер, а во 2019 година примени се и позитивно одговорени 5 барања на информации од јавен карактер.

Во областа безбедност и здравје при работа, спроведени се следниве активности:
1. Работни состаноци (координативни) со ДЗС и ЦУК два пати годишно, пред започнување на летната сезона (сезона на пожари) и есенско-зимска сезона заради преземање мерки за заштита од поплави и евентуално снежни врнежи.
2. Организирано одржување обука од областа на безбедност и здравје при работа за сите вработени на 11 и 12.06.2019 година, по што од страна на Отворен граѓански универзитет за доживотно учење - Неготино е изготвено Проценка на ризик и изјави за безбедност по работни места во ЈПКД "Комуналец" Гевгелија.
3. Во септември 2019 година вакцинирање на 57 вработени против цревен тифус, според епидемиолошки индикации.

Секој работен ден прием и работа со корисници како тужени странки, заради побарувања за кои е издаден нотарски платен налог за наплата на долг, особено работа со странки кои имаат тужен неплатен долг од 2012 година наназад, кои тужби не се евидентирани во модулот наплата на комунални давачки. Исто така давање податоци во книговодство по кои извршни предмети и за кои корисници-должници има наплата по налози за извршување и парични средства уплатени од извршители.

Се заведуваа влезни и излезни писма, документи и акти во деловодникот на претпријатието и интерни доставни книги, како и книги за пошта.

Број на заведени предмети во деловодник за 2019 година изнесува 2025.

Број на заведени предмети во деловодник за судски предмети за 2019 година е 1991.

Број на заведени предмети во Уписник за првостепена управна постапка е 218. Заведени предмети во Уписник за претставки и предлози нема.

Секој работен ден се предава односно прима пошта од и за претпријатието, секојдневно се одржува хигиената во деловните простории, а чуварската служба на стопанскиот двор ја извршува својата работа непрекинато и секојдневно во дневна и ноќна смена.

ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Директор
Златко Зумров

Јавно претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Гевгелија